Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 22.10.2022

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) на 21.10.2022 до Основно јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против К.У.(24) од Дебар, за сторено кривично дело „примање поткупи", предвидено и казнило по член 357 од Кривичниот законик. К.У., вработен во Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, постапувајќи во рамките на своите службени овластувања, за да издаде терапија од аптеката на клиниката за пациентка, по издаден медицински извештај од лекар од клиниката за месеците септември и октомври 2022 година, побарал парична награда - поткуп во износ од 100 евра и ги примил на средба со пациентката на 21.10.2022 пред влезот на клиниката. Исто така, претходно, во месец август 2022, со намера да се стекне со противправна имотна корист за себе по издадена терапија на пациентот, побарал и примил од истата пациентка парична награда во износ од 50 евра. По пријавување на случајот од страна на пациентката во ОСОСК, преземени се мерки и активности и на 21.10.2022, на средба помеѓу нив двајца пред задниот влез на клиниката за радиотерапија и онкологија во Скопје, откако истиот ги примил паричните средства за две последователни терапии, пациентката му ја дала паричната награда - банкнота во апоен од 100 евра, по што истиот е лишен од слобода и при извршен преглед во полициска станица, кај него е пронајдена банкнотата во апоен од 100 евра.

На 21.10.2022 во 11.30 часот на ул.„Браќа Миладинови" во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница, со судска наредба, го привеле Ј.А.(32) од Виница за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

На 21.10.2022 во 21.45 часот на крстосницата од ул.„Загорје" со регионалниот пат Кичево-Осломеј, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево ги лишиле од слобода А.А.(25) од С.Гарани, кичевско. При преглед во возилото „ауди" со кичевски регистарски ознаки, во кое бил сопатник, кај него биле пронајдени остатоци од марихуана. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот и помошни простории на А.А., при што биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка и пиштол „Екол" со една празна рамка. Тој бил задржан во Полициската станица Кичево и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.10.2022 во 20.40 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Т.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.10.2022 во 22.40 часот кај клучка за с.Камењане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово-Полициско одделение Камењане го лишиле од слобода П.С.(27) од Швајцарија, по живеалиште во с.Џепчиште, тетовско. При преглед во возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, во кое бил сопатник, кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.10.2022 во 10.35 часот во СВР Куманово, В.П.(34) од Куманово, пријавил дека при извршување на земјоделски работи во неговата нива во с.Романовце, кумановско, пронашол стара неексплодирана граната која најверојатно потекнува од Втората светска војна. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Куманово експлозивната направа била подигната за понатамошна постапка. Увид бил извршен.

На 21.10.2022 во близина на граничната линија со Република Албанија, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Блато го лишиле од слобода Б.Р.(63) од Косово, со живеалиште во САД. Околу 16.00 часот, полициски службеници го забележале лицето како со патничко возило „дои", со американски национални ознаки, се обидува да ја премине државната граница. Откако ги видел полициските службеници се обидел да побегне, но бил пронајден и лишен од слобода. При проверките било констатирано дека табличките на возилото кое го управувал биле со изминат рок на важност. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (21.10.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 452 возачи. Од нив 32 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а шест возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 223 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 229 надвор од населено место.

На 21.10.2022 во 10.20 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Ресен-Битола, послеместо викано „Чешните", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено талисман" со хрватска национална ознака, управувано од М.И.(39) од Република Хрватска и патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Ѓ.(34) од Битола. Во несреќата Х.Ѓ. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (21.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 204 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 51 санкција, 24 мерки за прекршоци што ги прават пешаците, шест санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се шест мерки за возење под дејство на алкохол, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за нерегистрирани возила...

На 21.12.2022 во 21.35 часот во СВР Тетово, К.С.(45) од с.Першовце, тетовско, пријавил дека околу 14.30 часот пред основно училиште во с.Першовце, мотоцикл со непознати регистарски ознаки поминал преку стапалото на неговиот малолетен син и го напуштил местото. Притоа, малолетниокот се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Клиничката болница Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2022 во 09.30 часот во Полициската станица Центар, М.М.(67) од Скопје пријавил дека на плоштад Македонија бил каснат од куче скитник.

На 21.10.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Карпош, Т.Т.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Ацо Шопов" била касната од куче скитник.

На 21.10.2022 во 22.20 часот во Полициската станица Битола, Е.Д.(36) од Битола пријавил дека на ул.„25" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 22.10.2022 во 01.50 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода А.Љ.(18) од с.Равен, гостиварско, затоа што не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници и на ул.„Мара Угринова" со возило „пежо", со гостиварски регистарски ознаки кое го управувал, се обидел да уфати полициски службеник. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.10.2022 во периодот од 14.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се сообраќајни контроли, при што полициските службеници затекнале и санкционирале 38 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-14, Струга-16, Дебар-08).

На 21.10.2022 околу 12.00 часот на археолошкиот локалитет „Исар" кај с.Марвинци, валандовско, полициски службеници од ОВР Валандово ги лишиле од слобода В.О.(40), О.П.(35), И.Р.(46) и М.Р.(48), сите од Украина, со привремен престој во Скопје. Тие биле затекнати како вршат ископ на локалитетот, кој е прогласен за добро под привремена заштита. Кај нив биле пронајдени два детектора, лопати и неколку ископани предмети. Исто така, при преглед во патничките возила „тојота" и „хјундаи" со украински национални ознаки, со кои пристигнале на местото, бил пронајден детектор. По целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.10.2022 во 09.09 часот во СВР Скопје било пријавено дека од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешка телесна повреда бил донесен И.Д.(45) од с.Студеничани, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредата додека извршувал работни задачи во фабрика во Скопје во која работел. За случајот бил известен трудов инспектор. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.И.(39) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.10.2021 во Струга, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле героин.

На 21.10.2022 во 02.35 часот, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го привеле З.Ј.(31) од радовишко село, затоа што во дворот од семејната куќа се однесувал агресивно и се обидел физички да ја нападне неговата сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.10.2022 од 17.30 до 18.30 часот во Полициската станица Куманово на службен разговор биле повикани пет малолетници од Куманово, затоа што со група од други малолетници околу 13.00 часот пред средно училиште во Куманово физички ги нападнале Ф.К.(18) и уште едно лице, двајцата од с.Слупчане, липковско, ученици во училиштето. Според пријавеното, при нападот тие употребиле метални и тврди предмети и им нанеле повреди. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.10.2022 во 03.55 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода Б.Б.(35) од с.Дебреше, гостиварско, затоа што околу 03.30 часот во угостителски објект на ул.„Беличица" физички го нападнал М.А.(25) од с.Добридол, гостиварско. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.10.2022 во 02.10 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода М.А.(19) од Радовиш, затоа што околу 02.00 часот на ул.„22 Октомври" во Радовиш физички го нападнал Р.А.(37) од Радовиш. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.10.2022 во 16.30 часот во СВР Скопје, В.Х.(56) од Скопје пријавил дека во двор на ул. „Студеничанска" бил физички нападнат од А.С.(23) од Скопје. Против напаѓачот бил поднесен соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Р.П.(31) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". Во текот на август и септември 2022 година, пријавениот во повеќе наврати му продавал и му овозможил употреба на наркотична дрога на малолетник од Пробиштип, кој кон крајот на септември, поради предозираност бил префрлен во здравствена установа.

На 22.10.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.И.(48) од с.Иницково, скопско, пријавил дека на 21.10.2022 околу 21.20 часот на игралиште на ул.„Финска" во Скопје, неговиот син и двајца негови внуци, сите малолетни, биле физички нападнати од неколку други малолетници, кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2022 во 23.30 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека во близина угостителски објект на ул.„Маршал Тито" во Свети Николе бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од П.Т.(37) врз Н.Т., двајцата од Свети Николе. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.10.2022 околу 21.40 часот во СВР Струмица, С.Т. од Струмица пријавил дека пред угостителски објект на ул.„Дебарска" во Струмица, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од П.Н. од Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2022 во 02.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Д.(50) од с.Иницково, скопско, пријавил дека на 21.10.2022 околу 21.45 часот на ул.„Мацара", неговиот малолетен син бил физички нападнат од пет машки лица, од кои двајца малолетници, кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2022 во 12.20 часот во СВР Скопје, М.Ј.(28) од Скопје пријавил дека на 16.10.2022 околу 04.00 часот, пред угостителски објект на подрачје на Центар-Скопје, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2022 во 02.30 часот во Полициската станица Куманово, Д.П.(43) од с.Громеѓа, кумановско, пријавил дека на 21.10.2022 околу 21.30 часот на бул.„Октомвриска Револуција" во Куманово, неговата малолетна ќерка била физички нападната од едно женско лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(28) од Скопје, И.А.(63) од Тетово, Н.Д.(31) од Велес и Е.А.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", а првопријавениот и второпријавениот сториле и кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". Полициски службеници ги затекнале пријавените во домот на второпријавениот и при преглед кај нив бил пронајден и одземен героин, а кај второпријавениот бил пронајден и одземен нож.

На 21.10.2022 во 07.45 часот во СВР Скопје, 33-годишна жена од Скопје пријавила дека К.М., со кого била во љубовна врска, извршил обљуба врз нејзиниот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.10.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Чаир, А.Н.(45) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка С.А.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 21.10.2022 во 18.30 часот во Полициската станица Велес, А.Ѓ.(62) од С.Гуземелци, Општина Лозово пријавил дека на ул.„Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Unet